До: Сите заинтересирани
Сл. бр. EuropeAid/180645/DD/ACT/MK
Датум: 10.11.2025

Предмет: Повик за доставување на понуди за експерт за изготвување на водич низ Законот за нови текови на отпад во рамки на проектот *„Еко Дијалог кон ЕУ: Поттикнување на еколошки промени преку застапување за политики“.*

Почитувани,

АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности Ве поканува да доставите понуда за испорака на услуги од експерт за подготовка на сеопфатен и лесен за користење водич за да им помогне на засегнатите страни во разбирањето и спроведувањето на новиот Закон за управување со дополнителни текови на отпад. Водичот ќе обезбеди јасни и детални објаснувања на законот, опфаќајќи ги неговите различни компоненти и импликации.

1) Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 1);
- Стручна биографија на експертот/-ката;
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (документ во прилог, анекс 2).

На повикот имаат право да се пријават сите заинтересирани физички лица, резиденти во Република Северна Македонија. Повеќе детали за условите и начинот на пријавување можете да најдете во документот „Услови за работа“.

Понудата се доставува скенирана електронски на contact@agora.org.mk или во затворен ковert во архивата на АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности (ул.Аминта Трети бр.16-1/7, 1000 Скопје).

На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За повик Реф. Бр. EuropeAid/180645/DD/ACT/MK“ и текстот „Да не се отвора пред сесијата за евалуација”.

Документе во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со потпис од одговорното лице.

Понудата треба да се достави до 17.11.2025 година (понеделник), до 17:00 часот.

Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени.

Со почит,

Кристина Хаџи-Василева

Проектна координаторка